# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО ОПШТИНА ДОЈРАН ЗА 2023 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Суштината на постоењето на локалната самоуправа - општината е да биде во служба на граѓаните. Од друга страна, корупцијата негативно влијае на довербата на јавноста во локалната самоуправа. Оттука, неопходна е зголемена транспарентност на Општината во однос на преземените мерки за откривање и санкционирање на сите форми на корупција кои би можеле да се појават при работењето.

Поради тоа, врвен приоритет на Општина Дојран е воспоставување на владеење на правото и правна локална самоуправа. Во таа насока, општина Дојран ќе продолжи со своите континуирани стремежи за навремено препознавање на ризиците од корупција, предлагање соодветни мерки за нивно отстранување и санкционирање на сторителите.

Во смисла на овој документ, корупција и коруптивни активности се незаконски активности кои подразбираат давање или примање на корист во сите сфери на работењето на општината, во контакти со службени лица и граѓаните. Ова е во согласност и со дефиницијата во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде што под корупција „се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг".

Притоа, разликуваме два типа на корупција:

- Активна корупција е намерно делување на кое било лице директно, или преку посредник, кое ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.
- Пасивна корупција е намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист за себе или за друг со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Општина Дојран како транспарентна, отчетна општина, со професионална и одговорна општинска администрација со интегритет, постојано се залага и работи на јакнење на правната локална самоуправа преку воспоставување функционални механизми кои имаат за цел намалување на ризиците од корупција. Во таа насока,

овој орган го изготви овој антикорупциски план кој има за цел да ги процени можните ризици од коруптивно однесување и учество во коруптивни активности како и да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат намалување односно целосно искоренување на ризиците од корупција.

## II. СИСТЕМ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Воспоставувањето на системот за спречување на корупцијата се состои од неколку чекори:

1) Проценка на ризиците и дејствија (активности) за нивно елиминирање;
2) Политика на спречување на корупција;
3) Следење и контрола;
4) Извештај.

- ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество со цел нејзино препознавање и искоренување. Овој орган спроведе низа активности во насока на прибирање на потребните и релевантни информации и документи за проценка на потенцијалните ризици од корупција во општината.

Како резултат на претходно споменатите активности, утврдени се корупциски ризици во следниве области:

1.1 Ризик од злоупотреби на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг;
1.2 Ризик од корупција при спроведување на постапките за јавни набавки
1.3 Ризик од непочитување на стандардните постапки и процедури;
1.4 Ризик поради тоа што некои вработени да не ги извршуваат задачите во согласност со описот на нивната работа;
1.5 Ризик од појава на корупција поради отсуство на механизми за превенција и спречување
1.6 Ризик од неправилно работење и злоупотреби поради немање ефикасна внатрешна контрола

- ДЕЈСТВИЈА (АКТИВНОСТИ) ЗА НИВНО ЕЛИМИНИРАЊЕ

Општина Дојран ќе ги превземе следните **активности** со цел да се елиминираат идентификуваните ризици од корупција во рамките на Општината:

## 1.1 РИЗИК ОД ЗЛОУПОТРЕБИ НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊА ПОРАДИ ОЧЕКУВАНА МАТЕРИЈАЛНА КОРИСТ

**-Обука на вработените изложени на висок степен на ризик од корупција-** Обуките треба да се континуирани, да содржат и симулации на случаи релевантни за нивната работа и да им дадат насоки на вработените како да се справат со потенцијално ризични ситуации. Со обезбедување на повеќе обуки и со почитување на законските норми, вработените ќе можат соодветно да одговорат на сите предизвици кои може да произлезат од корупцијата.

- **Назначување на овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување и лице за интегритет** (Општина Дојран има назначено лице за прием на пријави од укажувачи согласно Законот за заштита кое ќе известува за неправилности и сомнежи за измама или друго незаконито или недозволиво постапување во Општина Дојран, со цел да се спречи ризикот од неправилности и измами и преземање на дејства против неправилностите и измамите.)

- **Назначување на овластено лице кое известува за неправилности и сомнежи за измама или корупција** (Општина Дојран има назначено лице кое известува за неправилности и сомнежи за измама и корупција согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола)

- **Изработен е интерен акт за заштитено внатрешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачи.** (Изработено е Упатство за прием на пријави од укажувачи, издвојување на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите со кој се запознаени сите вработени во институцијата за текот на постапката во случај пријавување. Вработените кои биле сведоци или имаат основани сомневања за неетичко или незаконско однесување на вработени во општината, имаат обврска да го информираат овластеното лице за прием на пријави на еден од пропишаните начини)

- **Изработка на интерна процедура за пријавување на корупција** (Објавување на Упатство за начинот на пријавување корупција, судир на интереси и други неправилности и јакнење на интегритетот)- на вработените ќе им се стави на располагање доверлив систем преку којшто тие ќе можат да поднесуваат пријави доколку имаат сознанија или материјални докази за постоење на корупција, судир на интереси или други неправилности во рамки на Општината.

## 1.2 РИЗИК ОД КОРУПЦИЈА ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

- **Изработка на интерни процедури за спроведување на јавните набавки-** Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос наризиците од корупција. Во таа насока потребна е зајакната контрола и надзор над јавните набавки. Овој орган донесе и усвои интерни процедури за спроведувањето на јавните набавки кои се усогласени со законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика и истите се достапни на сите вработени во општината и објавени на официјалната страна на општината.

1.3 РИЗИК ОД НЕПОЧИТУВАЊЕ НА СТАНДАРДНИТЕ ПОСТАПКИ И ПРОЦЕДУРИ

- **Соодветна и доследна примена на дисциплински постапки** (да се поведува дисциплинска постапка во секој случај кога е сторена дисциплинска повреда) и зајакнато спроведување на процедури за проверки;

- **Почитување на кодексот на вработени на Општина Дојран и редовно вршење контрола на вработените;**

1.4 РИЗИК ПОРАДИ ТОА ШТО НЕКОИ ВРАБОТЕНИ НЕ ГИ ИЗВРШУВААТ ЗАДАЧИТЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО ОПИСОТ НА НИВНАТА РАБОТА

- **Изработка и доставување месечни извештаи до раководното лице, односно градоначалникот за предвидените и реализираните работни обврски и задачи.**

1.5 РИЗИК ОД ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ПОРАДИ ОТСУСТВО НА МЕХАНИЗМИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И СПРЕЧУВАЊЕ

- **Воведување на повеќе механизми за пријавување на корупција и судир на интереси: телефонски број, е-пошта, писмено, посебна деловодна книга на пристигнати пријави** (Подносителот на пријава за неправилности и сомнеж за измама или корупција, информацијата може да ја достави до лицето задолжено за неправилности писмено, телефонски, по електронска пошта или по факс, лично или анонимно).

1.6 РИЗИК ОД НЕПРАВИЛНО РАБОТЕЊЕ И ЗЛОУПОТРЕБА ПОРАДИ НЕМАЊЕ ЕФИКАСНА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

2.1.6(1) **Спроведување на задолжителна ревизија на главните процеси во општината** (јавни набавки, финансиски и правен аспект, итн.) Предмет на ревизија е најмалку еден од главните процеси годишно.

## III. ПОЛИТИКА НА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА

Општина Дојран, борбата против корупцијата ќе ја реализира преку превентивен и репресивен пристап со јасна порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана. Во рамки на превенцијата ќе се фокусира на намалување на можностите и создавање на неповолни услови за извршување на коруптивни дела. Посебен акцент во справувањето со корупцијата ќе биде ставен на унапредување на личниот и професионалниот интегритет на вработените од кои се очекува при извршувањето на задачите од овластувањата да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитет, решителност и чесност и да работат во полза на јавниот интерес и на зголемување на довербата на јавноста. Вработените во општинската администрација се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат законите и внатрешните процедури при нивното постапување. Доколку било кој од вработените постапи спротивно на законските регулативи, против истиот ќе биде покрената соодветна постапка.

## IV. СЛЕДЕЊЕ И КОНТРОЛА

Откако ќе се реализираат активностите, Општината ќе спроведе мерки за следење на резултатите преку анализа на доставени годишни извештаи од страна на назначените лица за прием на пријави во кој се содржани: бројот и видот на пријавите за неправилности и сомнеж за измама или корупција. Ова е со цел да се знае вистинскиот ефект постигнат со предвидените активности. На овој начин ќе се измери степенот на постигнување на истите и потребата за воспоставување нови активности.

## V. ИЗВЕШТАЈ

Основен дел од системот за спречување на корупцијата е комуникацијата за постигнувањата на Општината со нејзините внатрешни и надворешни засегнати страни. Известувањето се спроведува еднаш годишно, преку формален извештај кој детално ќе ги опишува клучните постигнувања и елементи на системот за спречување на корупцијата.

## VI. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Годишниот план за проценка на ризици од корупција на општина Дојран за 2022 година е изготвен согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Сл.весник на РМ бр.12/2019), Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, Планот за борба против корупција „Акција 21“( 2021), Проценката на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Македонија (2019), Методологијата за процена на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Македонија, Насоките за проценка на ризик од институционална корупција

во Република Северна Македонија и врз основа на заклучоците изведени на 55-тата седница на Влада на Рерпублика Северна Македонија во врска со Годишниот план за проценка на ризици од корупција, Согласно Извештајот за усогласеност на ГРЕКО (петти круг на евалуација).

Во насока на активно спречување на корупцијата, покрај горенаведените, општина Дојран антикорупциската политика ја базира на следниве законски и подзаконски акти:

-Кривичен законик (Сл.весник на РМ бр.37/95, 80/99... и 248/18)

-Закон за заштита на личните податоци (Сл.весник на РМ бр.42/20 и 294/21)

-Законот за заштита на укажувачи (Сл.весник на РМ бр.196/15, 35/18, 257/20);

-Закон за јавна внатрешна финансиска контрола (Сл.весник на РМ бр.90/09, 12/11, 82/13, 188/13, 192/15, 147/17);

- Закон за административни службеници (Сл. весник на Р.М бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19, 14/20, 112/20, 215/21 и 99/22);

## VII. ПРИМЕНА

Секој вработен во Општината ќе да биде запознаен со Годишниот план за проценка на ризици од корупцијата и има обврска доследно да го почитува истиот и да го санкционира секое коруптивно однесување, без разлика кој е сторителот и каков вид функција извршува.

Изготвил, Наташа Донева Советник за
правни работи и управување со градежно земјиште

Градоначалник
на Општина Дојран
Анго Ангов

___________________